# Еве кои се наградените на „Златна бубамара“ за 2017 година




„Златна бубамара на популарноста“ синоќа во четиричасовно шоу под слоганот „За подобар живот“ ги награди оние што позитивно ја одбележаа 2017 година. Главниот организатор, првиот човек на радио „Бубамара“  Ранко Петровиќ, рече дека за нивната мала илузија се задолжени 350 луѓе кои, рече, го чуваат и архивираат културно-забавниот живот и нема опасност да се поплави.




Награда за животно дело за 42-те години музичка дејност доби вокалниот ансамбл – октет „Македонија“ За трајни музички вредности – поп-дивата Маја Оџаклиевска, која рече наградата значи дека „не биле јалови 47 години на сцената“. За трајни вредности доби и групата „Нови фосили“ а вокалистката Сања Долежал кажа дека 28 години не била во Македонија од каде што, рече, има најубави спомени.




Награда „Бубамара“ доби Дадо Топиќ. Му ја врачи Влатко Стефановски кој рече дека Дадо е најсериозен рок-музичар од поранешниот Ју-простор од кого учел и како негов фан побара автограм на обвивката на првиот албум на „Тајм“. Дадо Топиќ ја отпеа и „Македонија“ заедно со „Меморија“ – кои добија награда за група на годината, а во дует со Тамара Тодевска ја отпеа „Бољи живот“ – одјавната песна што во 1980-тите ја пееше во истоимената ТВ-серија.




Александар Микиќ и Нина Деан беа наградени за најдобар актер и актерка. За актерско откритие награда доби Благој Веселинов од „Исцелител“ кој, исто така, доби награда што е прво доделување

награда за филм на оваа манифестација. „Вардарски пастуви“ – за  најдобра претстава, а „Мама миа“ – за мјузикл. Тијана Дапчевиќ беше наградена за мултимедијален уметник.




Најдобри ТВ-серии во 2017 се „Фамилија Марковски“ и „Инсајдер“, две награди „Бубамара“ (за видеоспотот „Терориста“ и за интернационален успех) доби Марко Слаткар. „Фчерашни новости“ – за ТВ-забавно-сатирична емисија, за ТВ-емисија – „Еден на еден“, ТВ проект на 2017 е „Патот до успехот“. За најпопуларен бренд  и 40 години јубилеј награда доби „Стоби флипс“, најпопуларен комерцијален ТВ-спот –  НЛБ Банка, како и за Остен-Светска галерија на карикатури која слави 50 години од првата изложба. Тројца пријатели на „Бубамара“ кои починаа лани беа постхумно наградени – Иван Карадак, Зоран Милосављевиќ и Саша Николовски-Ѓумар.




Публиката во исполнетата сала во ВИП арена „Борис Трајковски“ со аплаузи и на нозе ги поздрави ракометарите на „Вардар“, освојувачите на Лигата на шампиони. Излегоа цел тим и стручниот штаб на сцената додека академскиот хор „Мирче Ацев“ со Наум Петревски и Виолета Томовска им ја пееја „Ој Вардаре македонски ти ја красиш Македонија“.

Шоуто го отворија најмалите – златните славејчиња, настапија и „Дубиоза колектив“, Џамбо Агушев, Дани, Игор Џамбазов и Гуру Харе. По три години на „Бубамара“ се врати и Кирил Поп Христов-Кили, а Атанас и Тино годинава не беа тандем, туку имаа посебни настапи зашто дошло време да „дишат слободно“, независни еден од друг.




– Кој рече дека луѓето се иселиле од Македонија кога ни „Борис Трајковски" не не собира. Дојден е животот во Македонија, рече водителот-домаќин Сашко Коцев кого, како и секогаш, публиката со нетрпение го чекаше да се појави на сцената. Овојпат ја насмеа со дилемата за 3-6-9 и за поврзаноста меѓу тепање и инаугурација, со предлогот за име што ќе биде „објаснувачко" – од 2300 година до сега, за продажбата на мерцедесот и идејата тој да се рента за патни трошоци, за галиите во Вардар и нашите мајстори што ги напуштиле фасадите овде за да одат да градат доверба во Грција.

Заклучи дека штом полна сала луѓе останале четири часа и до самиот крај на шоуто, на Скопје му недостига  културно-забавен живот и ги покани идната година на следното, 22-то издание за наградување на најпопуларните во 2018 година.

